*Наташа СТАНОЈКОВСКА-ТРАЈКОВСКА*
*Ристо ПЕТРОВ*

**УДК: 364.62-058.862:364-5(497.7)**

# ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ СМЕСТЕНИ ВО ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Република Македонија во Законот за социјална заштита предвидува помош на деца без родители и родителска грижа, без разлика дали станува збор за деца од широката популација или пак за деца со посебни образовни потреби, преку една од формите за вонинституционална заштита, сместување во згрижувачко семејство. Сместувањето на децата во згрижувачко семејство им обезбедува живот и развој во семејна средина, опкружени со љубов, среќа и разбирање. Оваа форма на заштита веќе со децении е развиена во Република Македонија но со започнувањето на процесот на деинституционализација стана особено актуелна кај оваа категорија деца. 107 деца со посебни образовни потреби во Република Македонија се сместени во 70 семејства во шесте градови кои традиционално згрижуваат деца со посебни образовни потреби.*

***Клучни зборови:*** *ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ, ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА, ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА, ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА*

*За да детето оствари хармоничен развој на личноста треба да расте во семејна средина, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање.*

Преамбула на Конвенција на правата на детето
на Обединетите нации

Конвенцијата за правата на детето во член 23, точка 1 вели:

„Државите - членки признаваат дека детето со ментални или физички пречки во развојот треба да ужива целосен и достоен живот, во услови со кои се обезбедува неговото достоинство, се поттикнува самостојноста и се олеснува учеството на детето во заедницата.“

Во точка 2 од истиот член стои дека:

„Државите - членки го уважуваат правото на детето со пречки во развојот на посебна нега и ќе ја поттикнуваат и обезбедуваат помошта на детето кое за тоа ги исполнува условите и оние кои се одговорни за грижа за него за што се поднесува барање, зависно од расположивите средства што одговараат на состојбата на детето и на условите на родителите или на другите лица кои се грижат за детето.“

Обединетите нации во Општата декларација за човекови права и Меѓународната конвенција за човекови права се согласни дека секој има право на сите права и слободи утврдени во истите, без било каква дискриминација. Врз основа на овие документи на Обединетите нации е донесена Конвенција за правата на лицата со посебни потреби каде во член 23, точка 5 стои:

„Земјите потписнички, доколку потесното семејство не е способно да се грижи за детето со посебни потреби, се обврзуваат да ги преземат сите заложби за да обезбедат алтернативна грижа во рамките на поширокото семејство, а во случај на неможност, во рамките на заедницата на семејното опкружување.“

Повеќето деца растат со своите родители и во своето биолошко семејство ги остваруваат животните потреби, обезбедувајќи трајно емотивна сигурност - љубов и припадност. Меѓутоа, еден број деца остануваат без непосредна родителска грижа - поради загуба на родителите, или спреченоста да се грижат за нив поради болест или некои други причини, напуштање или несоодветно вршење на родителската должност. Грижата за нив ја презема државата која има обврска да обезбеди социјални, психолошки или други видови поддршка на биолошките семејства за надминување на кризните ситуации.

Република Македонија како потписничка на сите овие документи мора да се придржува на нивно имплементирање и обезбедување на најдобри услови за живот на лицата со инвалидност. Токму затоа и во 2000 година започна нов период во заштита, воспитание и образование на децата со пречки во развојот, период на деинституционализација и интеграција, период во кој беа опфатени децата со тешка ментална ретардација, пред сѐ, децата сместени во Специјалниот завод во Демир Капија, институција за третман на деца и возрасни лица со тешки и длабоки пречки во менталниот развој.

Како последица на ова следуваа цела низа заложби на државата и прилагодување на социјалната сфера за подобрување на квалитетот на живот на овие деца. Започна враќање на децата во нивните биолошки, но и наоѓање згрижувачки семејства. Започна да се организира згрижување во днев-

ни центри кои започнаа да се отвораат во 2002 година, за во последниве години се актуелизира и формата живеење со поддршка.

Во Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и надоместокот за згрижување со член 10 е утврдено кој сè може да биде сместен во згрижувачко семејство:

- „дете без родители и родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитувањето да се обезбедат на друг начин;
- дете со воспитно-социјални проблем (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете);
- дете со нарушено општествено поведение;
- лице со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој упатени на оспособување за работно-производна активност;
- лице со најтешки пречки во интелектуалниот развој;
- лице со трајна телесна попреченост;
- старо лице;
- возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во интелектуалниот развој кое не е во состојба да се грижи само за себе."

Според Законот за социјална заштита право на сместување во згрижувачко семејство имаат лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лица со длабоки пречки во менталниот развој и лица со трајна телесна попреченост на кои им е потребно трајно згрижување и нега. Законот предвидува згрижување на деца без родители и родителска грижа како и на лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Бидејќи во втората категорија можат да се вбројат и сите останати видови и степени на попреченост и се во домен на наш интерес решивме во ова истражување да ги вклучиме и децата со останатите видови и степени на оштетување односно деца со лесна интелектуална попреченост како и оштетување на вид и слух, без хронично болните деца.

***Табела 1.*** *Број на деца сместени во згрижувачки семејства кои згрижуваат деца со посебни потреби*

| Општина | Број на згрижувачки семејства | Број на деца со посебни образовни потреби | Број на здрави деца сместени во истите семејства | Вкупен број на деца сместени во овие семејства |
|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 3 | 7 | | 7 |
| Скопје | 17 | 20 | 4 | 24 |
| Прилеп | 27 | 39 | 4 | 43 |
| Крушево | 7 | 13 | | 13 |
| Македонски Брод | 14 | 24 | 2 | 26 |
| Охрид | | | | |
| Велес | 2 | 4 | | |
| Кочани | | | | |
| Вкупно | 70 | 107 | 10 | 117 |

Во осумте општини со традиција на сместување деца во згрижувачко семејство се сместени 107 деца со посебни образовни потреби. Во семејствата кои згрижуваат деца со посебни образовни потреби сместени се дополнително и 10 здрави деца, или вкупно 117 деца се наоѓаат во 70 згрижувачки семејства. Подолу е дадена структурата на децата сместени во згрижувачки семејства на територијата на Република Македонија.

***Табела 2.*** *Пол на децата со посебни образовни потреби*

| Градови | машки | женски |
|---|---|---|
| Крива Паланка | 5 | 2 |
| Скопје | 9 | 11 |
| Прилеп | 12 | 27 |
| Крушево | 6 | 7 |
| Македонски Брод | 12 | 12 |
| Велес | 1 | 3 |
| Вкупно | 45<br>(42.1%) | 62<br>(57.9%) |

Во згрижувачките семејства сместени се деца со посебни образовни потреби од двата пола. Во моментов 42,1% од згрижените деца се момчиња, а 57,9% се девојчиња.

Децата се на различна возраст. 19,6% се на возраст до 6 години, а 35,5% на возраст од 7 до 12 години. Приближно сличен е процентот на возраст од 13 до 26 години или 34,6%. Останува најмалиот процент, но не и незначителен, 10,3% кои и по 26 годишна возраст остануваат во згрижувачки семејства.

*Табела 3. Возраст на децата со посебни образовни потреби*

| Градови | До 6 год. | 7-12 год. | 13-26 год. | Повеќе |
|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | | | 2 | 5 |
| Скопје | 2 | 6 | 12 | |
| Прилеп | 7 | 15 | 12 | 5 |
| Крушево | 5 | 5 | 3 | |
| Македонски Брод | 7 | 11 | 4 | 1 |
| Велес | | 1 | 3 | |
| Вкупно | 21 (19.6%) | 38 (35.5%) | 37 (34.6%) | 11 (10.3%) |

Најголем дел од децата со посебни образовни потреби кои се сместени во згрижувачки семејства, и тоа над 50% се деца со интелектуална попреченост. Висок е и процентот на деца со комбинирани пречки каде доминантна пречка е токму интелектуалниот развој. Мал е бројот на деца со оштетување на вид и слух, а во групата на деца со комбинирани пречки се наоѓаат деца со моторни нарушувања кои се во голем број.

За подетален и попрегледен приказ на состојбата податоците можат да се видат од табела 4 од која може да се забележи дека воопшто нема поле за деца со моторни нарушувања, односно телесно инвалидни деца. Деца со посебни образовни потреби сместени во згрижувачки семејства од оваа категорија нема. Има случаи на комбинирани пречки каде покрај тешката интелектуална попреченост има и тешки моторни нарушувања. Социјалните работници кои со години работат на полето на згрижување ни укажаа на фактот дека има деца кои со наодот и мислењето добиени при оцена на специфичните потреби пред приемот во семејството имале тешки моторни нарушувања, а потоа со повторна оцена на поголема возраст состојбата драстично се менува. Ова ни го потврдија и неколку деца кај кои во наодот и мислењето стои дека имаат тешки моторни нарушувања, а состојбата во моментот на нашата посета покажа дека детето веќе непречено се движи, нема никакви видливи нарушувања и има навистина добра манипулатива спретност.

***Табела 4.*** *Вид и степен на оштетување на децата*

| Градови | Интелектуална попреченост | | | | Оштетување на вид | Оштетување на слух | Комбинирани пречки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лесна | умерена | тешка | длабока | | | |
| Крива Паланка | | 3 | | | 1 | | 3 |
| Скопје | 3 | 9 | 4 | | | | 4 |
| Прилеп | 3 | 4 | 11 | | | 1 | 20 |
| Крушево | | 3 | 3 | | | | 7 |
| Македонски Брод | | 6 | 7 | | | 1 | 10 |
| Велес | 3 | 1 | | | | | |
| Вкупно | 9 (8,4) | 26 (24,) | 25 (23,) | 0 (0,0) | 1 (0,9) | 2 (1,9) | 44 (41,1) |

Во табелата 4 е дадена детална слика на оштетувањето кај згрижените деца по вид и степен на попреченост. Со 8,4% се застапени деца со лесна интелектуална попреченост, 24,3% со умерена, 23,4% со тешка, со оштетување на видот се 0,9% од децата, оштетување на слухот 1,9%. Најголем процент, односно 41,1% се деца со комбинирани пречки во развојот.

***Табела 5.*** *Од каде се донесени децата во згрижувачките семејства?*

| Градови | Од институција | Од неговото биолошко семејство | Од друго згрижувачко семејство |
|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 6 | 1 | |
| Скопје | 13 | 3 | 4 |
| Прилеп | 33 | 3 | 3 |
| Крушево | 13 | | |
| Македонски Брод | 18 | 4 | 2 |
| Велес | | 3 | 1 |
| Вкупно | 83 (77.6%) | 14 (13.1%) | 10 (9.3%) |

77,6% од децата кои се сместени во згрижувачки семејства се донесени од институција. Овие деца се донесени од Домот за доенчиња и мали деца од Битола и Специјалниот завод од Демир Капија. Во најголем број станува збор за деца кои до моментот на згрижување не биле опфатени со стручен третман. Ова особено е карактеристично за децата кои се излезени од Домот за доенчиња и мали деца од Битола. Најголем број од овие деца за среќа не минале долго време во институција пред да преминат во згрижувачките семејства. До моментот на излегување во институцијата престојувале по неколку месеци или најмногу до 3 години и порано ја почувствувале семејната атмосфера, емоционалната блискост меѓу членовите од семејството, како и вниманието и грижата од згрижувачите. Самите згрижувачи но и стручните лица од центрите за социјална работа нагласуваат дека има многу големо подобрување кај децата по излегување од институ-

циите и нивно прифаќање во семејни услови. Подобрувањата се во однос на емотивноста, социјализацијата и физичката состојба. Забележавме на неколкупати и драстична разлика меѓу наодот и мислењето и фактичката состојба кај децата. Ова особено е изразено кај децата на помала возраст.

Ситуацијата е поинаква кај децата излезени од Специјалниот завод од Демир Капија. Многу од нив имаат поминато и повеќе од 10 години во институцијата. Со децата кои беа опфатени со стручен дефектолошки третман преку проектот „Деинституционализација на деца сместени во јавни институции во РМ" се работеше на развивање позитивни емоционално-социјални односи, истакнување на способностите на детето, грижа за неговото здравје и правилен физички развој, прифаќање нови сознанија и искуства со луѓето, предметите и појавите во околината, развој на говорот и други форми на разбирање, формирање на хигиенски и други навики. Децата кои преку проектот заминаа од институцијата во згрижувачки семејства беа подготвени и делумно социјализирани.

13,1% од децата во згрижувачките семејства директно се донесени од нивните биолошки семејства. Децата со посебни образовни потреби кои се сместуваат во згрижувачки семејства од нивните биолошки семејства заминуваат веднаш по раѓањето или на неколку месечна возраст, што обично не е случај со децата без родители и родителска грижа како и со децата со воспитно-социјални проблеми. Со ова децата со посебни образовни потреби за среќа од најрана возраст ја чувствуваат топлата емоционална клима и припадност во семејство.

9,3% од децата со посебни образовни потреби кои во моментов се во згрижувачки семејства се донесени од други згрижувачки семејства. Тоа значи дека децата по заминувањето од биолошкото семејство или институција поминале извесен временски период и кај други згрижувачи кај кои од најразлични причини не останале подолго. Во разговор со социјалните работници кои беа со нас во посета на семејствата во текот на реализацијата на истражувањето, причина за промена на згрижувачите најчесто е неможноста на згрижувачите да се прилагодат на децата со посебни образовни потреби кои имаат посебна и специфична потреба за нега и грижа, потоа болест на згрижувачите, смрт и други причини.

***Табела 6.** Колку години престојуваат во семејството?*

| Градови | Една година | Две до пет години | Повеќе |
|---|---|---|---|
| Крива Паланка | | | 7 |
| Скопје | 2 | 9 | 9 |
| Прилеп | 5 | 6 | 28 |
| Крушево | 3 | 7 | 3 |
| Македонски Брод | 4 | 15 | 5 |
| Велес | | 4 | |
| Вкупно | 14 (13.1%) | 41 (38.3%) | 52 (48.6%) |

Поголем дел од децата или 48,6% од децата во семејствата имаат поминато повеќе од 5 години, тоа се деца и семејства кои веќе ги имаат надминато првичните проблеми и целосно се прилагодени на начинот на функционирање на семејството. Секако, постои и прилагодување на сите членови на згрижувачкото семејство на можностите, способностите и попреченоста на згрижените деца.

38,3% од децата во семејствата се од 2 до 5 години, а 13,1% од децата се само една година во згрижувачките семејства. Во последната група се работи за деца од многу мала календарска возраст или пак за деца кои се преместени од друго згрижувачко семејство.

Од проценката на социјалниот статус на семејствата можевме да забележиме дека сите семејства кои прифаќаат деца имаат висок социјален статус. За да го потврдиме тоа и во анкетниот прашалник во делот наменет за децата побаравме мислење од згрижувачите колку децата си играат со други деца.

***Табела 7.** Дали детето си игра со други деца?*

| Градови | Да | Понекогаш | Не |
|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 7 | | |
| Скопје | 10 | 4 | 6 |
| Прилеп | 32 | 2 | 5 |
| Крушево | 10 | | 3 |
| Македонски Брод | 20 | | 4 |
| Велес | 4 | | |
| Вкупно | 83 (77.6%) | 6 (5.6%) | 18 (16.8%) |

Згрижувачите со најголем процент, 77,68% се изјасниле позитивно на оваа прашање, 5,6% велат дека згрижените деца понекогаш си играат со други деца, а 16,8% дека воопшто не си играат. Во последната група се деца кои поради својата попреченост не можат да играат со други деца, тоа

се деца со тешки пречки во интелектуалниот развој и со комбинирани пречки кај кои доминираат тешки моторни нарушувања. Ова е прикажано во табела 7.

Најголем број од децата со посебни образовни потреби сместени во згрижувачки семејства се опфатени со некаков вид третман, односно во дневен центар или со некаков вид на воспитание и образование од нашиот воспитно-образовен систем. Голем процент, односно 43,0% од децата, не се опфатени со стручен третман. Обично таков е случајот со децата кои се сместени во рурални подрачја или најчесто за деца кои поради тешките оштетувања не дозволуваат третман надвор од домот на згрижувачите. 30,8% од децата се опфатени со третман во дневните центри за деца со посебни образовни потреби. И згрижувачите, и социјалните работници, но и вработените во дневните центри укажуваат на потребата за нови вработувања на дефектолози, сè со цел третманот на овие деца да биде соодветен и квалитетен. 16,8% од децата се вклучени во воспитно-образовниот процес во посебните основни училишта.

***Табела 8.*** *Со каков третман е опфатено детето*

| Градови | Не е опфатено | Дневен центар | Посебно ОУ | Посебни паралелки во редовно ОУ | Редовно ОУ | Посебно средно училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | | 6 | 1 | | | |
| Скопје | 2 | | 12 | 2 | 1 | 3 |
| Прилеп | 26 | 9 | 1 | 3 | | |
| Крушево | 2 | 10 | 1 | | | |
| Македонски Брод | 15 | 8 | 1 | | | |
| Велес | 1 | | 2 | | | 1 |
| Вкупно | 46 (43,0%) | 33 (30,8%) | 18 (16,8%) | 5 (4,7%) | 1 (0,9%) | 4 (3,7%) |

Децата кои во зависност од нивното оштетување се опфатени во Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во Скопје, Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен слух „Кочо Рацин“ во Битола и Заводот за рехабилитација на деца и младинци „Топанско поле“ од Скопје ставени се во групата на деца опфатени со третман во посебните основни училишта. Станува збор за едно дете со оштетен вид кое посетува настава во Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ во Скопје, две деца кои се опфатени со третман во Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен слух „Кочо Рацин“ од Битола, како и поголема група деца со интелектуална попреченост кои се на стручен дефектолошки третман во Заводот за рехабилитација на деца и младинци „Топанско поле“ од Скопје. 4,7% се на настава во посебни паралелки во редовните основни

училишта низ земјава. Едно дете е прифатено во редовно основно училиште со процесот за инклузија и 3,7% се вклучени на работно оспособување во посебните средни училишта „Наум Охридски“ во Скопје и „Искра“ во Штип.

### *Заклучок*

Неоспорно е дека сместувањето на деца со посебни образовни потреби во згрижувачки семејства е далеку подобра форма на згрижување на децата во однос на институционалната заштита, па токму затоа и треба да се развива оваа форма, но кај нас, сè уште, сместувањето на деца во згрижувачки семејства се соочува со низа проблеми и недостатоци кои треба да се надминат:

- да се вклучи дефектолог како стручен профил и како најкомпетентен во тимовите кои работат на сместување деца со посебни образовни потреби;
- да се организира подобра обука, пред сè, на стручните работници од центрите за социјална работа кои работат на подрачјето на згрижување деца во други семејства;
- да се изготват материјали и да се осмислат и организираат подобри обуки и запознавање на потенцијалните згрижувачи со карактеристиките и можностите на децата со посебни образовни потреби, како и нивната нега и формите на воспитание и образование;
- да се организира кампања за информирање на населението за формата сместување во друго семејство и тоа преку трибини и преку медиумско информирање. Ова треба да се направи на територијата на целата земја за да се придонесе во развивањето мрежа на згрижувачки семејства;
- да се подигне јавната свест и да се анимира населението со повисок материјален и образовен статус за згрижување деца со посебни образовни потреби;
- децата опфатени во згрижувачки семејства да бидат со соодветен третман врз основа на видот и степенот на на нивното оштетување;
- да се отворат повеќе центри за дневно згрижување за да со својот капацитет и стручен кадар овозможат прифаќање на нови деца. Во моментов има општини каде дневниот центар функционира со полн капацитет и не е дозволен прием на нови деца, а има деца, без разлика дали се во згрижувачки или во нивните биолошки семејства кои треба да бидат прифатени во дневните центри.

*Литература*

Ајдински, Г., Киткањ, З., Ајдински, Љ., 2007. Основи на дефектологија, Македонска Ризница, Куманово.

Ајдински Љ., Андреевски В., 2001. 50 Години заштита, рехабилитација, воспитание и образование на лицата со пречки во развојот во Република Македонија 1949-1999. Сојуз на дефектолозите на Република Македонија, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.

Борнарова С., 2008. Превенција на институционализацијата и сместување во згрижувачко семејство. Објавено во: Современи трендови на социјалната заштита и во социјалната работа, Филозофски факултет-Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика, 245-262, Скопје.

Грујиќ Д., 2005. Породични смештај деце више од родитељства. ЈП „Службени гласник“, Београд.

ЈУ завод за социјални дејности-Скопје, 2004. Заштита на децата без родители и родителска грижа. Сместување во друго семејство, ЈУ завод за социјални дејности-Скопје.

Кузмановиќ Б., 2002. Деца без родитељског старања. Институт за психологију, Београд.

Љубешиќ М., 2003. Бити родитељ. Модел дијагностичко-саветодавног праћења раног дјечјег развоја подршке обитељи с малом децом, Државни завод за заштиту обитељи, материнства и младежи, Загреб.

Министерство за труд и социјална политика, 2004. Системот на социјална заштита во Република Македонија, Скопје.

Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, 2007. Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија (2008-2018), Скопје.

Министерство за труд и социјална политика, 2006. Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместокот за згрижување. Сл. весник на РМ бр. 63/2006, Скопје.

Министерство за труд и социјална политика, 2000. Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој. Службен весник на РМ број 30/2000, Скопје.

Петров Р., 2007. Лица со инвалидност. Професионална ориентација, оспособување и вработување, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скорје.

Петров Р., Ѓурчиновска Л., Станојковска ТН., 2008. Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.

Петров Р., Копачев Д., Такашманова Т., 2004. Деинституционализација на деца со тешка ментална ретардација, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.

*Natasha STANOJKOVSKA-TRAJKOVSKA*
*Risto PETROV*

# CHILDREN WITH SPECIAL EDUCATIONAL NEEDS ACCOMODATED IN FOSTER FAMILIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

***Abstract***

*With the Social Protection Law, Republic of Macedonia provides help for the children without parents and parental care, on a population-wide basis or only for the children with special educational needs, through one of the forms of non-institutional protection, fostering in an another family. Placing children in fosters families provides existence and progress in the family environment, surrounds them with love, happiness and understanding. This form of protection is being developed for decades in the Republic of Macedonia but with the beginning of the process of deinstitutionalization it becomes particularly positive amongst this children's category. 70 families in Macedonia in six cities are fostering special educational needs children, with a total of 107 children being placed there.*

***Key words:*** *CHILDREN WITH SPECIAL EDUCATIONAL NEEDS, FOSTER FAMILIES, NON-INSTITUTIONAL PROTECTION, DEINSTITUTIONALIZATION*